# ОПШТИНА ИЛИНДЕН



## ОТЧЕТ 2022

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
ВО 2022 ГОДИНА

# ЕДНА ОД НАЈТРАНСПАРЕНТНИТЕ И ОПШТИНА СО НАЈГОЛЕМ РАСТ

Според резултатите на истражувањето на Центарот за граѓански комуникации за мерење на степенот на активна транспарентност на државните институции за 2022 година, Општина Илинден е меѓу најтранспарентните институции, чија активна транспарентност изнесува 95,7% од 100%.

Со ваквиот процент, Општина Илинден се наоѓа во групата институции со „многу добра" активна транспарентност, односно исполнување на обврските од над 95% до 100%.

Општина Илинден за само една година ја подобри својата активна транспарентност за речиси 50 процентни поени. Од испитаните 98 државни институции, Општина Илинден е рангирана на 8 место, а меѓу Општините од Скопскиот Регион, годинава се искачи меѓу најдобрите институции со многу добра активна транспарентност, односно рангирана на второто место.

Високата транспарентност се должи на исполнување на критериумите по кои се изврши оценувањето, а тоа се објавување информации на сопствена иницијатива на институциите, а се во интерес на граѓаните. Конкретно, секојдневно информирање за работата на општинските служби, објавување одлуки, записници, службени весници, буџети, јавни набавки, завршни сметки.

**АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНИТЕ ОД СКОПСКИОТ РЕГИОН**

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Карпош | 97,1% |
| 2 | Илинден | 95,7% |
| 3 | Кисела Вода | 85,5% |
| 4 | Гази Баба | 81,7% |
| 5 | Ѓорче Петров | 76,1% |
| 6 | Аеродром | 74,6% |
| 7 | Град Скопје | 72,5% |
| 8 | Центар | 69,6% |
| 9 | Петровец | 68,1% |
| 10 | Студеничани | 59,4% |
| 11 | Шуто Оризари | 50,7% |
| 12 | Сарај | 47,8% |
| 13 | Сопиште | 44,9% |
| 14 | Чаир | 42,0% |
| 15 | Чучер Сандево | 33,3% |
| 16 | Бутел | 27,5% |
| 17 | Зелениково | 17,4% |
| 18 | Арачиново | 8,7% |




**ВКУПНО РАНГИРАЊЕ СПОРЕД ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2022**

| | |
|---|---|
| 1 Министерство за одбрана | 100,0 % |
| 1 Влада на РСМ | 100,0 % |
| 3 Битола | 97,1 % |
| 3 Валандово | 97,1 % |
| 3 Карпош | 97,1 % |
| 6 Велес | 95,8 % |
| 6 Кочани | 95,8 % |
| 8 Берово | 95,7 % |
| 8 Демир Хисар | 95,7 % |
| 8 Илинден | 95,7 % |
| 11 МЛС | 95,5 % |
| 12 Министерство за финансии | 94,4 % |
| 13 Гевгелија | 92,9 % |
| 14 МВР | 91,7 % |
| 14 МОН | 91,7 % |
| 14 Министерство за здравство | 91,7 % |
| 14 МЖСПП | 91,7 % |
| 18 МЗШВ | 91,3 % |
| 19 Василево | 91,3 % |
| 20 Кавадарци | 90,0 % |
| 21 Конче | 89,9 % |
| 22 МИОА | 89,6 % |
| 23 Богданци | 88,6 % |
| 23 Делчево | 88,6 % |
| 23 Крива Паланка | 88,6 % |
| 23 Куманово | 88,6 % |
| 23 Штип | 88,6 % |
| 28 Градско | 88,4 % |
| 28 Центар Жупа | 88,4 % |
| 30 Струмица | 87,1 % |
| 31 Охрид | 85,7 % |
| 32 Кисела Вода | 85,5 % |
| 33 Зрновци | 84,1 % |
| 34 Министерство за правда | 83,3 % |
| 34 МТСП | 83,3 % |
| 36 Прилеп | 82,9 % |
| 36 Свети Николе | 82,9 % |
| 38 Брвеница | 82,6 % |
| 38 Дебрца | 82,6 % |
| 40 Гази Баба | 81,7 % |
| 41 Дебар | 81,4 % |
| 41 Македонска Каменица | 81,4 % |
| 43 Министерство за економија | 81,3 % |

# ЗАЕДНО ЗА ПОДОБРА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Почитувани,**

Почетокот на новата година е период за сумирање на резултатите од претходната, подготовка на рекапитулар за сработеното, што е услов за тоа како да се продолжи во иднина, во насока на подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани на општината.

Минатата 2022 година сработивме многу проекти за подобрување на животот на нашите сограѓани, во рамки на нашите финансиски можности. Мора да се има предвид дека Општината ја наследивме во исклучително тешка финансиска состојба, со долгови и финансиски обврски. Ако на сето ова се дополни дека зад нас е пандемиска година и година на една од најголемите енергетски и економски кризи во светот, можеме да бидеме горди на она што го сработивме во 2022 година.

Токму од овие причини е особено значајно да се потенцира дека многу време, енергија и средства беа насочени токму кон консолидација на Општината и јавните комунални претпријатија, но и во вакви тешки услови успеавме да го реализираме најголемиот дел од планираните капитални проекти.

Како општина, со ограничени финансиски ресурси и голем број на наталожени проблеми и потреби, работевме на реализација на што е можно поголем број на капитални проекти во сите области кои се во наша надлежност.

Во текот на 2022 година реализиравме многу за подобрување на патната инфраструктура во Општина Илинден, при што можеме да се пофалиме со реконструкцијата на сите железнички премини на територијата на нашата општина, како и реконструкција и изградба на 46 улици во должина од над 12.000 метри.

Проблемот со недостатокот на канализација е најголемиот предизвик за мене како градоначалник и затоа изградбата на комуналната инфраструктура беше најголем приоритет во минатата 2022 година. Изминатата година успеавме да ги изградиме и пуштиме во употреба пречистителните станици во населбите Илинден и Кадино, додека во делот на инфраструктурата во фекалната канализација успеавме да изградиме околу 9.000 метри.

Заедно со нашите комунални претпријатија континуирано работевме на модернизирање и реконструирање на водоводниот систем, а во 2022 година успеавме да исчистиме повеќе од 35 километри од каналската мрежа во Општината.

Заштитата на животната средина е една од областите која што е од најголема важност за граѓаните и затоа изминатава година Во рамки на проектот „Зелена Општина Илинден“ реализиравме многу проекти со цел унапредување на состојбите во ова поле. Заедно со голем број на општествено одговорни компании и јавни локални и државни претпријатија спроведовме голем број на акции при што засадивме повеќе од 60.000 садници, исчистивме 28 диви депонии



во нашата општина. Во насока на заштеда на електрична енергија и намалување на трошоците поставивме фотоволтаични и термални панели на покривите на детската градинка „Гоце Делчев“ и СОСУ „Илинден“.

Инвестиравме многу во осовременувањето и унапредувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес, при што е пуштен во употреба новиот објект на основно училиште во населба Илинден, каде што за првпат е отворена сензорна соба и е воведена целодневна настава. Исто така, набавена е и нова опрема за сите ученици, а извршени се одредени реконструкции во сите образовни објекти.

Спортот и културата не беа запоставени, каде што покрај поддршката за спортските клубови и културните друштва, беа организирани и голем број на манифестации што беа поддржани од страна на Општина Илинден.

**Почитувани,**

Ова се само дел од проектите што со домаќинско работење и со стратегиско планирање, не запоставувајќи ни едно населено место, заедно со Вас успеавме да ги реализираме. Сето ова не ќе беше можно без Вашата доверба и континуирана поддршка.

Сакам да се заблагодарам и на поддршката и соработката на Советот на Општина Илинден, без чија соработка немаше да можеме да ги реализираме овие проекти.

Затоа, искрено ви благодарам за несебичната поддршка, доверба и трпение што го имавте во изминатиот период. Токму затоа и понатаму ни е потребна вашата доверба, заедно да продолжиме да работиме за подобра Општина Илинден, за поквалитетен и попросперитетен живот на секој наш сограѓанин. Само со заеднички сили можеме да постигнеме и повеќе и подобро.

**М-р Александар Георгиевски**
Градоначалник на Општина Илинден



## СОВЕТ

По локалните избори што се одржаа на 17 октомври 2021 година, избрани се новите 15 советници на Советот на Општина Илинден. Новиот совет одржа 15 редовни и една вонредна седница, при што се донесени 217 акти.

## ОДОБРЕНИЈА ЗА ГРАДБА

Издадени се вкупно 163 одобренија за градба од кои 26 за изградба на стопански објекти и 137 одобренија за градба на објекти за семејно домување

Издадени се 28 дозволи за градба на фотонапонски централи

## ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Легализирани се 171 бесправно изграден објект.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година и Планот за измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година беа спроведени 34 постапки за јавни набавки, со што е реализирано 80,95 % од планираното.



Беше намален надоместокот на физички лица и домаќинства за приклучок на водоснабдителниот и канализациски ситем од 29.500 денари (34.810 денари со вкалкулиран ДДВ) на 5.000 денари (5.900 со вкалкулиран ДДВ)

## ЗА ПРВ ПАТ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ

За прв пат е воведено доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче, кои се со живеалиште на подрачјето на Општината.

Од Буџетот на Општината се издвојуваат по 5000 денари за секое семејство со новороденче кое е родено од 01.01.2022 година. Целта на овој проект е стимулирање на наталитетот и поддршка на младите родители, а со оваа мерка ќе се влијае и на зголемување на природниот прираст на населението.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ИЗ

**Извршена е реконструкција, рехабилитација и изградба на 46 локални улици и патишта во должина од 12.257 метри, со што значително се придонесе кон подобрувањето на локалната патна инфраструктура во Општината. Подобрувањето на патната инфраструктура беше еден од приоритетите во насока на одржлив локален развој, подобрување на квалитетот на живот на сите жители на Општината, како и привлекување на нови инвестиции.**







- Беше реализиран капиталниот проект за комплетна реконструкција на локалниот пат, улица „532“ со должина од 2.000 метри и широчина од 6 метри, како и изградба на пешачка патека со широчина од 1,5 метри.

  Реконструкцијата на овој фрекфентен локален пат е од огромно значење за Општината бидејќи претставува главна сообраќајна конекција меѓу населените места Илинден, Марино и Кадино, како и единствен влез во една од најголемите локални економски зони во општина Илинден, економската зона Марино-Кадино. Истовремено, овој локален пат претставува и конекција со Средното општинско стручно училиште „Илинден“, детската градинка „Гоце Делчев“, Домот на култура „Марино“, како и за повеќе објекти од јавен карактер, потоа фудбалските терени во населените места Марино и Кадино, како и пешачко велосипедската патека којашто се простира по целата должина на локалниот пат, улица „532“ која секојдневно ја користат повеќе стотици граѓани.

  Следува втората фаза од изградбата на оваа улица во должина од околу 1.600 метри, со поставување на втор слој на асфалт, како и доградба на пешачка патека.

# ГРАДБА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА







- Асфалтиран е коловозот на главниот локален пат во населено место Мралино во должина од 730 метри и широчина од 5 метри, при што е изградена и нова пешачка патека со истата должина и широчина од 1,5 метри
- Асфалтиран е дел од улица „500“ во Марино во должина од 170 метри
- Во Дељадровци асфалтиран е дел од улица „2“ во должина од 160 метри
- Асфалтиран е пристапниот пат до гробиштата во Дељадровци, во вкупна должина од 120 метри
- Во Марино комплетно е реконструирана улица „412“, со вкупна должина од 130 метри
- Асфалтиран е пристапниот пат до гробиштата во Бунарџик во должина од 80 метри
- Во населба Илинден асфалтирана е улица „32“ во должина од 700 метри
- Асфалтирана е улица „27“ во населеното место Илинден, во вкупна должина од околу 300 метри
- Во Мршевци саниран е дел од улица „1“ во должина од 170 метри
- Саниран е крак 6 од улица „500“ во Марино во должина од 150 метри











- Во Мралино санирана е улица „4“ во должина од 350 метри
- Санирана е улица „7“ во должина од 300 метри во Илинден
- Извршена е санација на два дела од улица „1“ во Кадино во должина од 150 метри
- Во Миладиновци саниран е дел од улица „10“ во должина од 220 метри
- Во Бунарџик санирана е улица во должина од 300 метри
- Саниран е патот во гробиштата во населба Илинден во должина од 500 метри
- Во населба Илинден саниран е дел од улица „9“ во должина од 120 метри
- Саниран е дел од улица „19“ во населба Илинден во должина од 210 метри
- Во Марино саниран е дел од улица „500“ 1а во должина од 160 метри
- Во населеното место Бујковци извршена е санација на пристапниот пат до гробиштата во должина од 550 метри
- Во Марино, во месноста „Јака“, извршена е санација со тампонирање на дел од улица „500“, во должина од 320 метри

- Во Дељадровци саниран е крак 4 на улица „1“ во должина од 30 метри
- Асфалтиран е крак 5 на улица „1“ во Дељадровци во должина од 60 метри
- Асфалтиран е крак 4 на улица „2“ во Дељадровци во должина од 30 метри
- Саниран е крак 7 од улица „500“ во Марино во должина од 120 метри
- Во Кадино санирана е улица „6“ во должина од 500 метри
- Саниран е паркингот кај црквата во Кадино во должина од 60 метри
- Саниран е крак на улица „5“ во Мралино во должина од 60 метри
- Санирана е улицата кај рампата во Миладиновци во должина од 80 метри
- Саниран е дел од улица „2“ во Кадино во должина од 120 метри









- Саниран е дел од улица „9“ кај црквата во населба Илинден во должина од 180 метри
- Во Ајватовци саниран е крак 2 на улица „1“ во должина од 100 метри
- Саниран е дел од улица „5“ во Кадино во должина од 70 метри
- Саниран е дел од улица „2“ во Мралино во должина од 50 метри
- Саниран е дел од улица „10“ во Кадино во должина од 120 метри
- Во Миладиновци саниран е пристапниот пат до гробиштата во должина од 250 метри
- Саниран е пристапниот пат до гробиштата во Бучинци во должина од 180 метри
- Саниран е пристапниот пат до гробиштата во Текија во должина од 200 метри
- Санирана е улица „120“ во Јака во должина од 600 метри
- Во Ајватовци саниран е дел од улица „4“ во должина од 120 метри
- Саниран е дел од улица „3“ во Кадино во должина од 100 метри
- Саниран е дел од улица „12“ во населба Илинден во должина од 180 метри
- Во Ајватовци саниран е крак 3 на улица „1“ во должина од 250 метри

# ИЗГРАДБА НА ПАТНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ



**Со цел создавање подобри услови за стопанисување на бизнис секторот, интензивно се работеше на подобрување на патната инфраструктура во локалните економски зони. Во партнерство со општествено одговорни компании реализирани се повеќе проекти во оваа област. Во насока на обезбедување на нови инвестиции и отворање на нови работни места подобрувањето на патната инфраструктура во локалните економски зони останува приоритет и во наредниот период.**

- Во соработка со општествено одговорни компании во рамките на акцијата „Градежна офанзива“ во локалната економска зона Ограѓа изградена нова индустриска улица во должина од 360 метри, со  широчина од 7 метри, како и тротоар во должина на улицата со широчина од 1,5 метри. Досега се асфалтирани 250 метри, изградена е атмосферска канализација, како и нова линија на улично осветлување со модерни канделабри.
- Со цел за поуспешно функционирање на бизнис секторот асфалтирана е улица „6“, со должина од 150 метри во стопански комплекс „Илинден”
- Комплетно е асфалтирана улица „24“  во населба Илинден во должина од 620 метри и широчина од 6 метри




ATLANTIC
GRUPA



# ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО - ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ



**Во насока на поголема мобилност и безбедност на граѓаните, континуирано се работеше на изградба на пешачко-велосипедски патеки. Имајќи предвид дека пешаците и велосипедистите се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот, изградени се пешачки и велосипедски патеки во должина од 3.371 метар.**

- Изграден е тротоар на улица „2“ (по железничкиот премин) во населба Илинден, во должина од 100 метри
- Во Мралино е изградена пешачката патека во должина од 730 метри
- Во населба Илинден изградена е пешачката патека во должина од над 400 метри и широчина од 1,8 метри, којашто се протега од влезот на новото основно училиште во Илинден по улицата „2“, се до раскрсницата на улиците „8“ и „9“
- Од влезот на Миладиновци, па се до паркот со споменикот на Васил Аџаларски изградена е пешачката патека во должина од 850 метри
- На улица „532“ во Марино изграден е тротоар во должина од 800 метри
- Изграден е тротоар на улица Н. 10 во локалитет Ограѓа во должина од 500 метри













| Изградена патна инфраструктура по години | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Должина (м) | 12025 | 7895 | 12348 | 15628 |

# ПОДОБРУВАЊЕ НА СОБРАЌАЈНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ УЛИЦИ

**Одржувањето и подобрувањето на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација беше и останува еден од приоритетите, со цел поголема безбедност на учесниците во сообраќајот. На повеќе улици и локални патишта поставена е хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација, како и повеќе информативни табли и патокази на влезовите во општината со цел поголема информираност на учесниците во сообраќајот.**

**Притоа, посебно внимание се посвети на безбедноста на учениците, поради што беше обновена сообраќајната сигнализација пред ООУ „Ристо Крле“ во Кадино, ООУ „Гоце Делчев“ во населба Илинден, пред новото училиште во населба Илинден, пред ООУ „Браќа Миладиновци“ во Миладиновци, на крстосницата која ги поврзува улиците „2“, „8“ и „9“, кај црквата во Марино.**



- Со цел подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот на барање на жителите обележани се 15 нови пешачки премини, како и обележување на 25 постоечки пешачки премини.
- Во рамките на одржувањето на вертикалната патна сообраќајна сигнализација, а со цел поголема информираност на учесниците во сообраќајот поставени се 100 нови сообраќајни знаци
- Поставени се 6 нови сферни огледала









- Во соработка со ЈП „Македонски железници и инфраструктура“ реконструирани се трите патни железнички премини - Илинден, Миладиновци и Дељадровци. Премините се комплетно реконструирани со елементи од рециклирана гума според највисоки стандарди
- На мостот на локалниот пат Кадино-Миладиновци поставена е заштитна ограда од двете страни, со вкупна должина од 50 метри. Дополнително, поставена е флуоресцентна патна сигнализација долж целиот потег, како и флуоресцентна лента по должината на мостот.





## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

# ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ



**Со цел модернизирање и проширување на просторните капацитети пуштено е во употреба новоизграденото основно училиште во населба Илинден. Училиштето со површина од 2.400 метри квадратни располага со 14 училници, наставничка канцеларија, конференциска сала, смарт табли, пет тоалети како и три простории за кујна со трепезарии. Сите простории се опремени со потребниот инвентар според највисоките нормативи и стандарди.**

**Станува збор за високоенергетски ефикасен објект, со иновативен пристап и воведени нови технологии и еколошки материјали, со греење и ладење со алтернативни извори на енергија, опремено според највисоките безбедносни стандарди.**

**Надворешниот дел на објектот е хортикултурно уреден, поставена е фекална и атмосферска канализација, извршен е приклучок на училиштето на водоводниот систем, изградена е нова трафостаница која го снабдува со стабилен и квалитетен електричен напон училиштето, поставени се канделабри за осветлување, инсталиран е оптички интернет, извршено е заштитно оградување на училиштето како и изградени се два паркинг простори, еден за родители и еден за вработените во училиштето.**






16


NIKE
AIR

# ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



## КАБИНЕТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

Учениците добија нов опремен кабинет по природни науки (биологија, хемија, физика, математика и природни науки).

Кабинетот, во соработка со Министерството за образование и наука, е опремен со нов мебел, прибор за работа, коишто се очекува да придонесат за квалитетен, современ образовен процес, но и да ја поттикнат истражувачката работа на учениците.

**За потребите на училиштето меѓу другото набавени се:**

- 200 ученички клупи
- 350 ученички столчиња
- 30 канцелариски столчиња
- 14 катедри
- 15 бели табли
- 15 зелени табли
- 35 мали масички за ученици во прво одделение
- 60 мали столчиња за ученици од прво одделение
- 120 плакарчиња за ученици
- 9 Интерактивни панели
- 2 принетри
- 2 LCD телевизори
- 11 лаптопи
- 15 противпожарни апарати



## ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА

Во новото училиште за прв пат е воведена настава со продолжен престој за учениците од прво одделение.




## СЕНЗОРНА СОБА

Новото училиште располага со сензорна соба за поголема инклузија на децата со попреченост.





# ОБРАЗОВАНИЕ

## ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

- Набавени се 30 статични компјутери и компјутерска опрема
- Извршена е замена на рефлекторите во спортската сала со штедливи лед рефлектори
- Набавени се 2 инвертер клими за затоплување
- Обезбедени се 2 смарт телевизори за подрачните училишта
- Поставени се 6 интерактивни табли во централното и подрачните училишта
- Во подрачното училиште во Мршевци стариот и дотраен котел на пелети за парно греење, заменет е со нов котел со поголема моќност
- Извршено е бојадисување на училниците во централното училиште
- Променета е влезната врата во Централното училиште.
- Набавен е принтер за потребите на наставниците за реализација на наставните програми
- Обезбедени се 45 нови столчиња за кабинетот по информатика и кабинетот по природни науки
- Извршена е промена на покривната конструкција во училиштето во Мршевци
- Во подрачното училиште во Текија извршена е реконструкција на покривот, стариот покрив е заменет со нов енергетско-ефикасен покрив
- Во централното училиште во Миладиновци изградена е метална ограда во должина од 120 метри и височина од 1,5 метри
- Извршено е подобрување на звучната и термоизолацијата во централното училиште во Миладиновци и двете подрачни во Текија и Мршевци, со тоа што сите стари и дотраени врати, се заменети со нови современи ПВЦ врати.


















- Подобрено е осветлувањето во училниците, ходниците и училишниот двор, поставени се 45 ЛЕД сијалици во централното училиште, 7 ЛЕД сијалици во ходниците и 3 ЛЕД рефлектори во училишниот двор

## ООУ „РИСТО КРЛЕ“

- Три кабинети се опремени со дигитални панелни табли
- Обезбедени се таблети за сите ученици од 4-то одделение
- Набавено е дигитално пијано за кабинетот по музичко образование
- Набавени се три пвц врати за училиштето во Мралино
- Училишната библиотека е збогатена со 100 нови лектирни изданија.
- Хортикултурно е уредено платото пред училиштето во Кадино со нови садници
- Со нови нагледни средства се опремени кабинетите по физика, математика, биологија, природни науки и хемија
- Бојадисани и уредени се ходниците и холот во централното училиште
- Обезбеден е ЛЦД ТВ за прво одд во училиштето во Бунарџик
- Обезбеден е  ЛЦД електронски информатор во училиштето во Кадино
- Изработена е профилна слика на патронот на училиштето Ристо Крле
- Набавени се нови 9 лаптопи за примена во наставен кабинет по Информатика
- Набавени се нови 9 монитори за кабинет по Информатика со цел усовршување и осовременување на наставата.
- Извршена е санација и партерно уредување на подрачното училиште во Бунарџик.

# ОБРАЗОВАНИЕ



**Осовременување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес е една од примарните обврски во работењето на локалната самоуправа. Со цел подобрување на просторните услови во училиштата, со што би се допринело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, континуирано се вложуваше во подобрување на училишната инфраструктура, подобра опрема во школските кабинети за природни науки, физика, математика, биологија, музичко образование...**

## СРЕДНО ОПШТИНСКО СТРУЧНО УЧИЛИШТЕ „ИЛИНДЕН“



- Поставена е фотоволтаична централа - комплет централа од 39kw
- Набавен е агрегат за струја
- Набавени се 40 таблети
- Набавени се 44 мини десктоп компјутери и 5, со исто толку монитори
- Обезбедени се 11 десктоп компјутери - сите компјутери се со лиценциран Windows 11 Professional.
- Книжевниот фонд е зголемен за 1.661 книга
- Набавени се 15 клупи, 30 столчиња и 2 табли
- Опремен е нов кабинет за потребите на учениците по предметот програмирање, уредување на веб страни, автоматика, мултимедиа





## НА ПОКРИВОТ НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ИЛИНДЕН ПОСТАВЕНИ ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ

На покривот на СОСУ „Илинден“ се поставени фотоволтаични панели, односно, фотоволтаична централа за производство на електрична енергија.

Фотоволтаичната централа за производство на електрична енергија е со моќност од 39kw, во целост ќе ги задоволи потребите на средното училиште од електрична енергија, а во летните денови вишокот на енергија ќе се враќа во енергетската мрежа на ЕВН. Со нејзиното поставување се придонесува за намалување на трошоците за електрична енергија.








## ОБУКИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Потпишан е Меморандум за соработка со Академија ЦЕС, која во наредниот период ќе спроведе бесплатни обуки за усовршување на наставниците од основните училишта на територија на Општината



## НАГРАДЕНИТЕ УЧЕНИЦИ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Градоначалникот приреди прием во чест на учениците од основните училишта од Општината кои освоија високи места на државните натпревари.

На наградените ученици градоначалникот им додели признанија за постигнатите успеси на државните натпревари, а на менторите им додели признанија за успешна подготовка на учениците.



## ПОТПИШАНИ СЕ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ПОВЕЌЕ КОМПАНИИ...

Со цел подигнување на нормите, вредностите и стандардите во образованието, како и подобрување на квалитетот и ефикасноста на стручното образование во Средното општинско стручно училиште „Илинден“ потпишани се повеќе меморандуми за соработка со бизнис секторот во областа на образованието, како една од најзначајните области за развој.



## ... КОМПАНИЈАТА ЏОНСОН МЕТИ

Потпишан е Меморандум за соработка во областа на образованието со компанијата „Џонсон Мети“, со кој англиската компанија за производство на катализатори ќе обезбеди практична настава и обука во сопствените капацитети за учениците од средното општинско стручно училиште „Илинден“.

Потпишувањето на овој меморандум има за цел збогатување на знаењата на учениците преку практична настава и обука, каде учениците непосредно ќе имаат можност да го следат целокупниот процес на производство и преку нивните ментори да изведуваат практични обуки во просториите на компанијата. Учениците исто така ќе имаат можност да се запознаат со начините за работа како и со најнапредната технологија која ја поседува оваа компанија.



## ...КОМПАНИЈАТА АСПЕКТУС ФАРМА

Општина Илинден и компанијата Аспектус Фарма ДОО експорт-импорт потпишаа Меморандум за соработка во областа на образованието, со кој оваа иновативна и кооперативна компанија ќе обезбеди практична настава и обука во сопствените капацитети за учениците од средното општинско стручно училиште „Илинден“.



## ...КОМПАНИЈАТА МАКДИА

Со компанијата Макдиа ДОО Илинден потпишан е Меморандум за соработка во областа на образованието, како една од најзначајните области за развој, подобрување на квалитетот и ефикасноста на стручното образование во СОСУ „Илинден“.
Овој меморандум за соработка има за цел имплементација на образовните програми преку спроведување на практични обуки на дуален принцип каде учениците непосредно ќе имаат можност да го следат целокупниот процес на производство и преку нивните ментори да изведуваат практични обуки во просториите на компанијата. Исто така, компанијата ќе овозможи стипендирање на ученици кои се истакнуваат во образовниот процес како и можност за склучување на договор за вработување по завршување на образовниот процес согласно потребите на компанијата Макдиа.




**Вакви меморандуми Општината веќе има потпишано и со компаниите Витек Македонија ДОО, Кемет Електроникс, Аптив Сервисес Македонија, Џагатај Кабло, АРЦ Аутомотив Македонија, Јоки, МЕПСО, ОКТА, Џонсон Мети, Ван Хол и Вабтек.**



## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ЗДРУЖЕНИЕТО ЕКО ЛОГИК

Со цел имплементирање на проектот „Вело училишта“ наменет за учениците од основните училишта на територија на Општината, потпишан е Меморандум за соработка во областа на образованието со Здружението за заштита и унапредување на животната средина и промовирање на концептот на одржлив развој – Еко Логик.
Преку овој проект ќе се овозможи зголемување и унапредување во знаењето на децата, родителите, наставниците и пошироката јавност за темите од областа на велосипедизам, одржлив транспорт, аерозагадување, безбедност во сообраќајот и климатски промени.



- Во соработка со Црвениот Крст на град Скопје во сите училишта во општината беше изведена показна вежба од превентивен карактер за евакуација при елементарни непогоди. Целта на вежбата беше запознавање на учениците и наставниот кадар со мерките за евакуација во ситуација на елементарни непогоди, едукативно и превентивно делување, подготовка на степенот на безбедносни мерки и заштита на учениците и вработените во услови на непогода.

# ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРС

**Инвестирањето во комуналната инфраструктура е од огромно значење за локалниот економски развој, како и унапредувањето и заштитата на животната средина со што се овозможува подобрување на квалитетот на живеењето. Вложувањата во комуналната инфраструктура е од стратешко значење поради што изградбата на фекална канализација е приоритетен капитален проект, кој и во наредниот период ќе продолжи интензивно да се реализира, особено во најниските делови од населените места во Општината.**



## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА ЈАКА

Реализација на капиталниот проект за изградба на фекална канализација во делот на населба Јака и околината, во должина од околу 6.300 метри, со која се опфатени сите домаќинства од тој дел на Општината. Со изградбата на фекалната канализација во населба Јака и околината, се решава долгогодишниот проблем со кој се соочуваа граѓаните од тој дел на Општината.



- Изградба на фекална канализациска линија во Локалитетот Ограѓа, во должина од околу 750 метри со која се опфатени модуларното училиште и правните субјекти дел од овој локалитет
- Изградба на колекторски систем за фекална канализација за населените места Илинден и Марино во должина од над 5.000 метри со изградба на шест препумпни уреди. Изградени се 2.500 метри од левата страна на колекторот.
- Изградба на колекторски систем во должина од 700 метри во Миладиновци кон кој ќе бидат приклучени околу 100 домаќинства на фекална канализација
- Поставена е линија за фекална канализација во Кадино во должина од околу 120 метри, со која се опфатени корисниците од улица „7“, припадна површина 3
- Изградба на линија за фекална канализација во Марино, на ул. „500“, во вкупна должина од околу 400 метри





# КА КАНАЛИЗАЦИЈА







- Изградба на линија за фекална канализација во Марино, на ул. „409“, „410“ во вкупна должина од околу 500 метри
- Изградена е нова линија за одведување на отпадни води на крак од улица „9“ нас. Илинден во должина од околу 200 метри. Со оваа линија ќе бидат опфатени црковниот храм и десетина домаќинства кои не се опфатени во канализацискиот систем на припадна површина 7
- Поставени се два препумпни уреди на линијата за фекална канализација во Миладиновци, истите ќе функционираат во насока на одведување на отпадните води кон пречистителната станица од околу 400 домаќинства

## ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА НОВА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Во населба Илинден во употреба е пуштена нова пречистителна станица со капацитет од 1.300 еквивалент/жители и опслужува приближно 330 домаќинства.

На оваа пречистителна станица покрај домаќинствата, дополнително се приклучени и стопанските објекти од локалната економска зона Ограѓа, како и новоизграденото основно училиште „Гоце Делчев“.

## ПРЕДАДЕНА ВО УПОТРЕБА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ВО КАДИНО

Во употреба е предадена пречистителна станица во Кадино, припадна површина 3, која е со капацитет за 1.250 еквивалент жители и ги зафаќа отпадните води од фекалната канализација која што е во должина од 3.700 метри.

Со изградбата на пречистителната станица се овозможи да се зафатат отпадните води од над 300 домаќинства и стопански субјекти.



# МОДЕРНИЗИРАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ

**Со цел поквалитетни услуги, побезбедна и поздрава вода за пиење за граѓаните и зголемување на капацитетот на водоснабдувањето, континуирано се работеше на модернизирање и реконструирање на водоводниот систем.**

**Заради приклучување на нови физички и правни лица извршено е проширување на водоводната мрежа во вкупна должина од 1.794 метри, така што вкупната должина на водоводната мрежа изнесува 227.369 метри.**

**Проширувањето на водоводната мрежа беше извршено во повеќе населени места - Бунарџик, Миладиновци, Мралино, Ајватовци, Кадино, Марино, Дељадровци, како и населба Илинден.**









- Цевковод за поврзување на водоводната линија во локалитет Јака и дел од Марино со примарната водоводна линија во должина од 400 метри
- Цевковод во должина од 415 метри во Стопански Комплекс Илинден
- Извршена е реконструкцијата на главната водоводна мрежа на потегот Марино – Кадино во должина од околу 600 метри. На овој потег се изврши замена на старите ПВЦ со нови полиетиленски цевки
- Изведба на систем за антикорозивна заштита на челичниот цевковод, дел од системот ОКТА, на потегот од автопатот Скопје – Велес до АД ОКТА во должина од околу 8.000 метри





# РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА И РЕЧНИТЕ КОРИТА

**Општината ја презеде обврската за плаќање на водениот надомест за редовно одржување, чистење и нивелирање на отворените одводни канали**








## ИСЧИСТЕНИ 35 КИЛОМЕТРИ ОТВОРЕНИ ОДВОДНИ КАНАЛИ

Со цел да се обезбеди проточност на каналската мрежа и заштита на имотите на граѓаните од поплави во сите населени места исчистени се 35 километри отворени одводни канали што се наоѓаат на територија на Општината.

Со редовното одржување на каналската мрежа којашто на територијата на општината се протега во должина од 120 километри, се овозможува непречен проток на атмосферските води, се спречува настанувањето на поплави и се обезбедува чиста животна средина која е еден од условите за квалитетен живот на населението.

Редовното чистење, нивелирање и одржување на отворените канали што е еден од приоритетите на Општината се реализира во координација со АД Водостопанство-Скопско поле Скопје, ЈКП „Илинден“ и граѓаните.





# СВЕТЛА ОПШТИНА

**Во соработка со ЕВН континуирано се работеше на подобрување на електроенергетската мрежа и напојување, со што се добива квалитетен и стабилен напон на електричната енергија на територијата на целата општина. Ова е од исклучително значење за развојот на општината и квалитетот на живеење на граѓаните.**

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКАТА МРЕЖА И НАПОЈУВАЊЕ





### ПРОШИРУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во рамките на реализацијата на проектот „Илинден-Светла Општина“, интензивно се работеше на проширување и реконструкција на мрежата за јавно осветлување. Проширувањето и модернизацијата на уличното осветлување се реализираше со поставување на нови линии на улиците во сите населени места, поставување на електрични столбови, зголемување на бројот на електрични светилки и тековно одржување на јавното осветлување. Поставени се нови линии за улично осветлување во вкупна должина од 4.600 метри. Притоа, вградени се 643 лед светилки и 120 улични светилки без пригушница. Паралелно со проширувањето на мрежата извршено е и докомплетирање на постојните линии, а се работеше и на интервенции за отстранување на прегорените со нови штедливи светилки.

- **Во рамките на овој проект поставена е нова линија за улично осветлување на влезот во населеното место Бучинци, во должина од 400 метри, како и нова линија од 50 метри, на една споредна улица во ова населено место.**
- **Исто така, во населеното место Ајватовци поставена е нова линија на улично осветлување со штедливи лед светилки, во должина од 600 метри, пришто осветлен е влезот и улица „1“ во ова населено место.**
- **Поставена е и нова линија за улично осветлување во населба Илинден на улица „7“, „8“, „9“, „534“, како и улица „19“ во вкупна должина од 600 метри.**



# РЕКОНСТРУИРАН ПОКРИВОТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



**Реконструиран е покривот на детската градинка „Гоце Делчев“, при што старите салонитни табли се заменети со пластицифиран лим на површина од 542 метри квадратни.**

**Со реализацијата на овој проект обезбедени се подобри инфраструктурни услови во оваа детска установа.**

- Набавена е кујнска опрема (професионален шпорет и термоси за транспорт на храна)
- Пералната е опремена со професионални машини за перење и сушење на постелнина
- Изграден е помошен објект
- Набавена дидактичка опрема и материјали, како и Смарт табла







## ПОСТАВЕНИ СЕ ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Во рамките на проектот „ИНОФИН“, Иновативен финансиски модел за поддршка при транзиција кон обновливи извори на енергија, на покривот на детската градинка „Гоце Делчев“ поставени се фотоволтаични и термални панели. Со поставување на панелите се помага за делумно снабдување со електрична енергија потребна и при затоплување на водата, со што се придонесува за заштеда и намалување на трошоците за електрична енергија.





## РЕКОНСТРУИРАНИ ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА

Извршена е реконструкција на реквизитите на неколку детски игралишта во населените места Ајватовци и Бунарџик.

На детското игралиште во Ајватовци реконструирани се две лулашки и нишалка и во населеното место Бунарџик исто така реконструирани се две лулашки и нишалка. Во Бунарџик кај Домот на културата извршена е реконструкција и на четири клупи.




## ОТВОРЕНО НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ

Во соработка со општествено одговорни компании, а со цел грижа и активен однос кон својата заедница, отворено е ново детско катче на ул. „6“ во населба Илинден. Во рамки на игралиштето е поставена заштитна ограда, детски реквизити, нишалки и лизгалки, игралиштето е поплочено и се поставени клупи, канти за отпадоци за почиста и поубава средина.



## ОБНОВЕНА Е ПОСТОЕЧКАТА И ПОСТАВЕНА Е НОВА УРБАНА ОПРЕМА - ВО НЕКОЛКУ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА ПОСТАВЕНИ СЕ ПОВЕЌЕ КЛУПИ И КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ

## РЕКОНСТРУИРАНИ СЕ АВТОБУСКИТЕ ПОСТОЈКИ







## ОТВОРЕНО Е ПРВОТО ДЕТСКО ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ

Со разновидни реквизити кои што можат да ги користат сите, вклучително и децата со посебни потреби, во спортско рекреативниот центар во Марино отворено е првото детско инклузивно игралиште во Општината.

Инклузивното игралиште е направено во соработка со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет Мобилност – Македонија и општествено одговорни компании од Општината.

И во иднина ќе се продолжи со изградба на детски игралишта од ваков тип, со цел децата да имаат простор каде што ќе можат да се рекреираат.










# „ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

Екологијата и здравата животна средина, подигнување на еколошката свест и подобрување на амбиенталниот воздух е еден од приоритетите во работата на локалната самоуправа. Во рамките на реализацијата на проектот „Зелена Општина Илинден“ во соработка со граѓаните, учениците од основните и средното училиште „Илинден“, повеќе општествено одговорни компании, со ЈП „Македонски шуми“, ЈКП „Илинден“ и ЈКП „Водовод“ засадени се околу 60.000 садници во Миладиновци, Ајватовци, Јака, Марино, Кадино и населба Илинден.

Главна цел на проектот „Зелена Општина Илинден“ е преку пошумување на нови локации и зголемување на шумскиот фонд, преку озеленување на јавните површини во урбаниот дел на Општината, пешачко-велосипедските патеки, површини покрај општински улици и патишта, просторот околу домовите на култура, училишните дворови, локалните економски зони, просторот околу детската градинка, површини околу спортските терени и останати јавни површини, да се придонесе за подобрувањето на квалитетот на воздухот, унапредувањето на животната средина, како и подобрување на условите за живеење и квалитетот на живот во локалната заедница.

Грижата за екологијата и здравата животна средина која е обврска на секој од нас, останува еден од приоритетите на Општината.











## ДЕРАТИЗАЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕЗИНФЕКЦИЈА

Како дел од Програмата за заштита на населението од заразни болести за 2022 година, со помош на стручни екипи извршени се редовни дератизации за уништување на глодарите и дезинфекција на јавните објекти на територија на Општината.

Со дератизацијата се опфатени 662 шахти што се наоѓаат на јавните површини. Дезинфекција е извршена на 3.300 метри квадратни во која се опфатени сите јавни површини и јавни општински установи.

Согласно Елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и сузбивање на вектор преносливи заболувања, во пет наврати беа извршени и терестички дезинсекциии за уништување на возрасни форми на комарци на површина од 300 хектари, а во два наврати извршена е ларвицидна дезинсекција за уништување на ларви од комарци на површина од 50 хектари.



## НАБАВЕНО Е НОВО ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

**Возниот парк на ЈКП „Илинден“ се поднови со специјално возило за подигнување на контејнери од 5.5 м³.**

**Со обновувањето на возниот парк на општинското јавно комунално претпријатие се подобри квалитетот на услугите и се овозможи подобрување на условите и ефикасноста во работењето на вработените во ЈКП „Илинден“.**



- Извршена е набавка на 37 метални контејнери со капацитет од 1,1 м3, 300 пластични канти за времено одлагање на отпад со капацитет од 120 литри, 40 пластични канти за времено одлагање на отпад со капацитет од 240 литри, како и набавка на 15 урбани канти за поставување на јавни површини (паркови, тротоари, пешачки патеки, детски игралишта и сл.) На претоварната станица во н.м. Миладиновци е изработена заштитна метална ограда во вкупна должина од 30 метри.




## ОБЕЗБЕДЕНА МАШИНА ЗА ПРОБИВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИСКИ ЛИНИИ

**Во насока на навремено и брзо одржување на канализациските системи и подобрување на квалитетот на комуналните услуги, како и обезбедување на самостојност во работата, набавена е машина со која се пробиваат запушените канализации.**

**Со ова се решава повеќегодишниот проблем и истовремено се намалуваат трошоците кои јавното претпријатие ги имаше со ангажирање на надворешни фирми за услуги во пробивање на запушувањата на канализациските линии.**











## ИСЧИСТЕНИ ДИВИ ДЕПОНИИ

Од вкупно регистрирани 28 диви депонии исчистени се 26, со што значително се придонесе за намалување на аерозагадувањето, елиминирање на потенцијалната опасност од загадувањето на подземните води и почвата, како и подобрување на животната средина. Оттука и апелот до граѓаните да го почитуваат Законот за јавна чистота, да не го оставаат ѓубрето на недозволени места и со своето однесување и еколошка свест да придонесат за поздрава и почиста животна средина.

## ГЕРМАНСКОТО ДРУШТВО ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА (ГИЗ) ЈА ПОСЕТИ ОПШТИНАТА

Претставници на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) ја посетија општина Илинден при што остварија работна средба со градоначалникот Александар Георгиевски. На средбата се разговараше за заедничката соработа остварена меѓу ГИЗ и општина Илинден во делот на имплементирање на БФЦ сертификатот, како и имплементирање на регионалниот проект „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан“.

Општина Илинден е дел од регионалниот проект „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан“. Проектот е финансиран од страна на германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ) и Пакомак, во рамки на програмата develoPPP која се спроведува во соработка со Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Пакомак.

## ОПШТИНАТА ЈА ПОСЕТИ СЛОВАЧКИОТ АМБАСАДОР ХЕНРИК МАРКУШ

Во работна посета на општина Илинден престојуваше амбасадорот на Република Словачка, Н.Е. Хенрик Маркуш.

Тој се сретна со градоначалникот Александар Георгиевски, при што се разговараше за капацитетите и можностите за инвестирање во повеќе области во Општината, како и со реализацијата на капиталните проекти во делот на комуналната и патната инфраструктура, образованието, детската заштита, културата и заштитата на животната средина.

Градоначалникот Георгиевски го запозна амбасадорот и со планираните проекти кои ќе се реализираат во наредниот период со цел подобрување на условите за живот на граѓаните во општина Илинден.



## ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА ИЛИНДЕН И ГАЗИ БАБА ВО ПОСЕТА НА СЛОВЕНИЈА

Градоначалникот Александар Георгиевски, градоначалникот на општина Гази Баба, Бобан Стефковски и секретарот на Град Скопје Ѓоко Велковски беа во повеќедневна посета на Република Словенија. Во рамките на посетата учествуваа на меѓународен настан на кој ги презентираа инвестициските потенцијали со кои располагаат двете општини. Притоа, беа презентирани и проектите финансирани од меѓународни фондови кои во изминатите години се реализирани во двете општините. Присуството во Словенија беше искористено и за остварување средби и потпишување Меморандум за соработка помеѓу општините Иванчева Горица, Гросупље, Гази Баба и Илинден.

Заедничката соработка помеѓу општините ќе се однесува на размена на искуства за реализација на проекти од меѓународни фондови коишто во иднина би се реализирале во областите на комунални услуги и инфраструктура, култура, спорт и образование, туризам, мобилност и енергија, здравје и сигурност.



## СРЕДБА СО АТЛЕТИЧАРОТ ДАРИО ИВАНОВСКИ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари средба со Дарио Ивановски, еден од најдобрите македонски атлетичари, човекот кој е актуелен рекордер на Македонија во 9 (девет) атлетски дисциплини и во 20 наврати ги има урнато националните рекорди.

На средбата стана збор за значењето и влијанието на спортот и физичката култура врз животот на младите, при што посебно беше истакнато дека спортувањето е еден од условите за постигнување на здраво тело и здрав дух кај секој млад човек.

Дарио Ивановски е единствениот Македонец кој победил на Скопскиот интернационален маратон во генерален пласман во сезоната 2021, и е избран за најдобар атлетичар на Македонија за 2017, 2018 и 2019-та година.





## СРЕДБА СО СЛОВЕНЕЧКИОТ АМБАСАДОР МИЛАН ПРЕДАН

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари средба со амбасадорот на Република Словенија во нашата земја, Милан Предан.

На средбата што се одржа во словенечката амбасада градоначалникот Георгиевски ја искористи можноста да го запознае словенечкиот амбасадор со реализацијата на тековните проекти во Општина Илинден, презентирајќи му ги економските потенцијали на Општината и можноста за привлекување на нови инвестиции.

За време на средбата беа разменети позитивните искуства применети во општините во Република Словенија, а се зборуваше и за реализација на европски проекти во Општина Илинден.

Средбата со словенечкиот амбасадор е резултат на досегашната долгогодишна успешна и плодна соработка со претставниците на словенечката амбасада во нашата земја и воопшто соработката со Република Словенија во повеќе области.




## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ АЛЕКСАНДАР ГЕОРГИЕВСКИ БЕШЕ ИЗБРАН ЗА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Советот за развој на Скопскиот плански регион го избра градоначалникот Александар Георгиевски за нов претседател на Советот за развој со мандат од една година.

Градоначалникот ја доби довербата да раководи со Советот за развој на Скопскиот плански регион кој опфаќа 17 Општини и Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, доаѓа на местото на градоначалникот на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски кој изминатата година ја вршеше функцијата претседател.



## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ СО ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со градоначалникот на Општина Петровец Борче Митевски, на која стана збор за реализација на проекти од заеднички интерес на двете општини.

За време на средбата, градоначалниците потпишаа формулари за аплицирање за проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година, во рамките на која е и реализацијата на проектот за Реконструкција на локален пат Илинден-Хиподром-Маџари.

На работната средба беше договорено двете соседни општини да ја продлабочат соработката, да продолжат да работат посветено и со силен интензитет во насока на подобрување на условите за живот на граѓаните.

# БУЏЕТОТ СЕ КРЕИРАШЕ ВО СОРАБОТКА СО ГРАЃАНИТЕ

Граѓаните со свои идеи и предлози директно учествуваа во креирањето на буџетот за 2023 година. Со оглед на тоа што креирањето на буџетот на Општината зависи од потребите на граѓаните, тие имаа можност сите свои предлози да ги доставаат преку електронски пат со пополнување на прашалник на сајтот на Општината www.ilinden.gov.mk, или да ги доставаат во архивата на Општината.

Голем дел од нив се интегрирани во финансиската програма за работа, со што граѓаните во функција на подобрувањето на квалитетот на условите за живот, директно учествуваа во распределбата на средствата.

Општината го слуша гласот на граѓаните, решавањето на проблемите е примарна задача во работата на локалната самоуправа, а директното учество на граѓаните во проектот „Предложи ја твојата иднина“ е заедничка цел кон креирање и усвојување на граѓански буџет според потребите на жителите.










## СЕ КОНСТИТУИРАШЕ ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Во насока на Унапредување на положбата на младите, развојот на младинскиот сектор, нивното учество во креирање на соодветни политики и донесување на одлуки кои овозможуваат социјален и личен интерес на младите, конституиран е Локален младински совет.

Учеството на Локалниот младински совет во креирањето на младинските политики во општината, е важно тело во застапувањето на младите и нивните интереси преку кое ќе се зајакнат капацитетите на младите и нивниот развој во идни успешни граѓани и професионалци.












## СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2022-2026

Донесен е Стратешкиот план за развој на Општина Илинден 2022-2026 со што се продолжи со континуираните заложби на локалната самоуправа преку инклузивни форми да придонесе за економски атрактивна, безбедна, урбанизирана општина со развиена патна и комунална инфраструктура, општина во којашто се нудат квалитетни образовни, социјални и здравствени услуги и општина којашто е во служба на своите граѓани и партнер на локалните компании.

Со Стратешкиот план ќе се придонесе во дефинирањето на конкретни цели и проекти коишто ќе бидат од суштинско значење како за граѓаните така и за развој на локалната бизнис клима и претприемништвото. Токму со дефинирањето на конкретните цели и проекти и нивно интегрирање во новиот Стратешки план за развој на општина Илинден 2022-2026, се дефинираат насоките и се воспоставува патоказ за развој на локалната заедница во наредните 5 години.

## УЧЕСТВО НА ЗАВРШНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ „УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД СТАКЛО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН”

Градоначалникот Александар Георгиевски и директорот на ЈКП „Илинден“ Борче Мицановски присуствуваа на завршната Конференција на проектот „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан“, под слоганот, „Ѕвончето те повикува – рециклирај стакло“.

За време на настанот на градоначалникот Георгиевски му беше доделена плакета за успешно спроведување на проектот во Општината што се реализираше во соработка со ЗЕЛС и ПАКОМАК, а со поддршка на германската развојна соработка, што ја спроведува ГИЗ, заедно со партнери од Србија, Босна и Херцеговина и Македонија.

На настанот беа претставени најважните достигнувања на проектот, при што беше истакнато дека контејнерите за рециклирање на стакло во вид на „ѕвоно“ го зголемиле собирањето на стаклена амбалажа за 90%. Кога постојат посебни контејнери во населбите, граѓаните се повеќе подготвени за селектирање на отпадот. Општина Илинден во рамки на проектот кој досега се спроведуваше има добиено 18 контејнери за рециклирање на стаклена амбалажа „ѕвона“, кои се распределени на повеќе локации на територијата на општината.

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА – „ПОДАЈ РАКА-ХУМАНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

По повод големиот христијански празник Христовото Воскресение – Велигден, се реализираше голема хуманитарна акција за донација на храна и хигиенски производи, наменети за социјално загрозената категорија граѓани на територијата на Општината.

Хуманитарната акција се реализираше во соработка со Црвениот крст и бизнис заедницата од Општината, кои несебично им подадоа рака на ранливите категории граѓани. Во рамки на акцијата под мотото „Подај рака-хумана општина Илинден“, поделени се околу 300 хуманитарни пакети со храна и хигиенски производи.



## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Активно се работеше на создавање на услови за унапредување на правата на лицата со попреченост, создавање на услови за олеснување на нивното секојдневно функционирање.

За таа цел, за потребите во процесот на образованието отворена е  сензорна соба во новото основно училиште. За поголема инклузија на децата со попреченост, во соработка со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија и општествено одговорни компании отворено е прво детско инклузивно игралиште во рекреативниот спортски центар „Марино“.

Главна цел и во иднина ќе биде лицата со попреченост  да имаат еднакви услови за функционирање, интеграција, еднаквост и благосостојба во секоја сфера од функционирањето во општеството.















## ПОТПИШАН Е МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО БОРКА

Во насока на подобрување на здраственте услуги на жителите се потпиша Меморандум за соработка со Здружението за борба против рак ,,БОРКА – За секој нов ден".

Меморандумот кој го потпишаа градоначалникот, Александар Георгиевски и претседателката на здружението ,,БОРКА – За секој нов ден", Биба Додева има за цел воспоставување долгорочна соработка помеѓу двете страни во насока на подобрување на Заштитата на правата на пациентите во Општина Илинден и формирање и работа на Комисија за заштита на правата на пациентите во состав на Општината, согласно глава 4 од Законот за заштита на правата на пациентите, како краен резултат на соработката.



## ЗДРУЖЕНИЕТО НА БУБРЕЖНО БОЛНИ РЕНАЛНА ПОДДРШКА ГО ОДБЕЛЕЖА МЕСЕЦОТ НА БУБРЕГОТ

Во Домот на култура „Илинден" се одржа настан по повод одбележувањето на Март-месецот на бубрегот, во организација на Здружението на бубрежно болни граѓани Ренална Поддршка-Кавадарци. Целта на одбележувањето е подигање на јавната свест за важноста на бубрезите.



## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЦЕЛ ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во рамки на одбележувањето на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, потпишан е Меморандум за соработка со хуманитарното здружение на граѓани и лица со хендикеп „Илинден", како и со здружението на граѓани за едукација, инклузија и ран третман на лица со посебни потреби „Боиме сино".

Целта на Меморандумот е воспоставување на соработка помеѓу локалната самоуправа и невладиниот сектор во однос на потребите на лицата со хендикеп, да се придонесе за повисок степен на инклузивност, намалување на ризикот од социјално исклучување во сферите на општественото делување како и овозможување на ран третман, рехабилитација, советување и помош при совладувањето со секојдневните предизвици на лицата со попреченост и нивните семејства.

## ОТВОРЕНА Е КАНЦЕЛАРИЈА НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СКОПЈЕ

Во просториите на општинската зграда отворена е канцеларија на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје. Со отворањето на канцеларијата на граѓаните ќе им се олесни пристапот за прием, администрирање и обработка на барањата за остварување на правата од социјалната заштита и барањата за остварување на правата од детската заштита.



## ПРОМОВИРАНИ МЕРКИТЕ ОД ПРОГРАМАТА „ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА“

Во организација на УНДП и Хуманитарното здружение на граѓани и лица со хендикеп „Илинден“ во конференциската сала на Домот на култура „Илинден“ се одржа информативна средба посветена на програмите, активностите и актуелните мерки од програмата „Економија на грижа“.

Станува збор за две мерки, Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа во заедницата, и втората мерка, Поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти-даватели на услуги за грижа на заедницата.



## РАБОТИЛНИЦАТА ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во својство на претседател на Советот за социјална заштита на Скопскиот плански регион градоначалникот Александар Георгиевски ја отвори Работилницата за развој на социјални услуги на регионално ниво.

Работилницата се реализира со поддршка од Канцеларијата на УНДП и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку проектот „Креирање можности за работа за сите“.

Општините како дел од одреден плански регион можат многу да придонесат при изготвувањето на соодветна стратегија за социјална заштита.








## ОТВОРЕНА Е КАНЦЕЛАРИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Во просториите на Домот на култура „Марино“ за прв пат во општина Илинден отворена е канцеларија на хуманитарната организација Црвен крст при што е потпишан Договор за соработка меѓу Црвениот крст на Македонија и Општина Илинден. Целта на овој договор е воспоставување на заеднички иницијативи и нивна реализација како и обезбедување на меѓусебна поддршка, заеднички настап и координација во делувањето на реализација на програми и проекти од надлежност и интерес на Црвениот крст на Македонија и Општина Илинден.



## РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРВЕН КРСТ

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со претседателот на Црвениот крст на Македонија д-р Ромел Велев на која се разговараше за продолжување на соработката во наредниот период, како и за тековните проекти на Црвениот крст коишто ја промовираат солидарноста и меѓусебната поддршка на општинско ниво.



## ТРАДИЦИОНАЛНИ КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ОПШТИНАТА

Драгоцената течност што живот значи ја дарува голем број  крводарители, а жителите на Општина Илинден уште еднаш ја покажаа хуманоста и солидарноста на дело преку дарувањето на крв да спасат нечиј живот. Секоја дадена капка од оваа драгоцена течност некому многу значи. Крвта е незаменлив лек, секојдневно потребна за да се продолжат многу животи.

## ПО ПОВОД ДЕНОТ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ДОДЕЛЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ НА КРВОДАРИТЕЛИ ОД ОПШТИНАТА

Во Домот на култура „Илинден“, по повод Денот на крводарителството – 17-ти Март, Црвениот крст им додели благодарници на крводарителите што имаат дарувано крв повеќе пати.

Доброволното дарување на крв претставува израз на високи етички, хумани и морални вредности, да се дарува крв и да се спаси нечиј живот, е висок чин на хуманоста.

## ЗА ПРВ ПАТ СПРОВЕДЕНИ БЕСПЛАТНИ АГРОХЕМИСКИ АНАЛИЗИ НА ОБРАБОТЛИВА ПОЧВА

Во насока на унапредување на земјоделието, во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, се спроведе акција за бесплатни агрохемиски анализи на квалитетот на обработливата почва од 20 различни локации во сите населени места во општината.

Целта на ова испитување е земјоделците да добијат информации за квалитетот на почвата која ја обработуваат, а користа е повеќенаменска - правилно, навремено ѓубрење на културите, зголемување на приносот, намалување на загадувањето на почвата и подобрување на квалитетот на производите.





## ПОКАЗНА ВЕЖБА ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Во соработка со Црвен крст на Скопје, Противпожарната бригада Скопје и припадниците на МВР од полициската станица во Петровец, успешно се спроведе симулациона вежба во ООУ „Ристо Крле“, во случај на елементарни непогоди.

Целта на вежбата беше запознавање на учениците со мерките за евакуација во случај на земјотрес и пожар.

Запознавање со процедурите на евакуација и спроведувањето на планот за заштита и спасување, е дел од мерките за едукативно и превентивно делување во подготовка на степенот на безбедносни мерки и заштита на учениците и вработените во услови на непогода.



## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ШЕГАТА

Маскирани во принцези, спајдермени, бетмени, полицајци, пеперутки, пчелички... децата од градинката „Гоце Делчев“, како и основните училишта од општина Илинден, го одбележаа Светскиот денот на шегата 1-ви Април, ден што со нетрпение го чекаат целата година.

И овој пат не изостана бујната детска фантазија во креирањето на маските, при што буквално ги оживеаја бројните ликови од детските приказни, од бајките, херои од стриповите.





## ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН

Со традиционалното закројување на виновата лоза во дворот на црквата Свети Трифун во Ајватовци беше одбележан празникот на лозарите и градинарите, при што се одржа света литургија.

## ОТВОРЕН ДЕН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Хелсиншкиот комитет како овластено здружение за пружање на бесплатна правна помош, одржа отворен  ден за бесплатната правна помош  за сите заинтересирани граѓани на Општината што се одржа во просториите на Домот на култура „Илинден“.



## НОВА БЕСПЛАТНА ИНТЕРНЕТ ЗОНА

Обезбеден е бесплатен интернет пристап во комплетна должина на пешачката и велосипедска патека  Марино-Кадино, со што се реализира определбата да им се овозможат на граѓаните бесплатни услуги неопходни во секојдневното функционирање за лична употреба. Бесплатен интернет е овозможен и во културните домови во Илинден, Марино, Кадино и Миладиновци, како и на фудбалското игралиште во Кадино.




## ОБУКА НА ТРИЕСЕТИНА ДОБРОВОЛНИ ПОЖАРНИКАРИ

Општинскиот противпожарен сојуз „Илинден“ спроведе курс за доброволни пожарникари, на кој учествуваа трисетина доброволни пожарникари од доброволните противпожарни друштва од населба Илинден и население места Ајватовци, Мршевци, Дељадровци и Бунарџик.

## ВОВЕДЕНА НОЌНА АВТОБУСКА ЛИНИЈА



Со цел подобра комуникација со централното градско подрачје во вечерните часови и по барање на жителите почна да функционира пробна ноќна линија со број 636, која сообраќа од Транспортен центар Скопје до н.м. Мралино во деновите сабота и недела во терминот 00:15 часот.

Подобрување на јавниот автобуски превоз, како и зголемувањето на бројот на линии и автобуски постојки, со што ќе се обезбеди поквалитетен и поефикасен јавен градски превоз за граѓаните останува еден од приоритетите во работењето на Општината.

# Литературна манифестација „Илинден“

Со повеќе културни настани во Домот на култура „Илинден“ се реализираа Деновите на културата, во чии рамки се одржа традиционалната 23-та Литературна манифестација „Илинден“. Централен настан на манифестацијата беше Поетскиот митинг „Стихови за душата“ на кој настапија повеќемина истакнати македонски писатели. Со стиховите за душа, испреплетени со звуците на гитарата, за незаборавна поетска вечер се погрижија Кристина Николовска, Љерка Тот Наумова, Раде Силјан, Ели Маказлиева, Паскал Гилевски, Ленче Милошевска, Ефтим Клетников, Христо Петревски, Анита Бошкова, Ивана Боцевска и Филип Клетников.

Во рамките на манифестацијата се одржа традиционалното Литературно матине за деца на кое учениците од општина Илинден имаа можност да се дружат со најистакнатите македонски писатели за деца и млади Стојан Тарапуза, Горјан Петрески, Перо Миленковски, Наум Попески, Мито Спасевски, Славка Арсова, Мишо Китаноски, Ксенија Маказиева Трајчева, Христо Петревски и Васил Мукаетов.

Традиционално и годинава во рамките на Литературното матине за деца беа наградени најдобрите творби на учениците коишто учествуваа на конкурсот што го организираше општина Илинден, по повод Литературната манифестација „Илинден“.

Деновите на културата беа збогатени со изложба на слики на ликовниот уметник Драган Кузмановски, концерт на етно групата „Илинден“, настап на Пламенка Трајковска – гудачко трио, како и на членовите Ансамблот за народни песни и игри „Илинден“.

На сите учесници, покровителот на манифестацијата градоначалникот Александар Георгиевски им додели посебни признанија за особен придонес во афирмацијата на културата и културниот развој на општина Илинден.















# СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК „ИЛИНДЕН 2-ри АВГУСТ“

Со пригодна свеченост и настап на музички гости беше одбележан патрониот празник на Општината „Илинден 2-ри Август“ и националниот празник на македонскиот народ.

Централната манифестација што се одржа во комплексот на Домот на култура „Илинден“ почна со интонирање на државната химна во изведба на оперскиот пејач Никола Стојчески, а во рамките на забавно музичката програма присутните голем број граѓани од општината и пошироко имаа можност да уживаат во познатите хитови на Ибуш Ибраимоски и Ламбе Алабаковски. Во својот настап Ибуш Ибраимоски изведе и песна посветена на Општина Илинден по повод патрониот празник.

Како дел од одбележувањето на патрониот празник се одржа и традиционалната крводарителска акција, на која жителите на Општина Илинден уште еднаш ја покажаа хуманоста и солидарноста на дело преку дарувањето на крв.



## ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ПАТУВАЊЕ“ НА НОВИЦА ТРАЈКОВСКИ

Во галеријата на Домот на култура „Илинден“ отворена е ликовна изложба на академскиот уметник од општина Илинден, Новица Трајковски наречена „Патување“.

Изложба беш отворена по повод одбележувањето 40 години работа и 60 години живот на нашиот истакнат уметник, а љубителите на ликовната уметност имаа можност да погледнат околу 45 врвни уметнички дела на Трајковски.

За сликарството на Новица говореа Соња Ризова Јовановски, директорка на Центарот за култура на Славјанскиот универзитет во Свети Николе, историчарот на уметност, Љубен Пауновски и поетот Ефтим Клетников.



## НОВОГОДИШЕН БАЗАР „ПАТЕКА НА РАДОСТА 2023“

Под мотото „Патека на радоста“, во соработка со општествено одговорни компании се одржа Новогодишен базар. Базарот кој за прв пат се одржува во Општината, покрај интересни подароци за Новогодишните и Божикните празници, на граѓаните им понуди и богата музичка програма.













## СО ПОЛОЖУВАЊЕ ЦВЕЌЕ НА СПОМЕНИКОТ НА ВАСИЛ АЏАЛАРСКИ БЕШЕ ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА

Со положување свежо цвеќе пред споменикот на војводата Васил Стојанов-Аџаларски, во Миладиновци беше одбележан Денот на македонската револуционерна борба 23-ти Октомври.

Васил Стојанов-Аџаларски е роден во селото Аџалари, денешно Миладиновци во 1880 година, а загинува во 1909 година. Пред и по Илинденското востание бил предводник на поголема чета, а во неговата чета имало повеќе комити од околните места на денешна Општина Илинден.



## СЕ ОДРЖА ТРИБИНА ПО ПОВОД ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ВАСИЛ СТОЈАНОВ АЏАЛАРСКИ

По повод 113. години од смртта на војводата Васил Стојанов Аџаларски, во Домот на културата „Илинден", во организација на Здружението за чување и негување на македонската традиција „Македонски Аманет", беше одржана трибина за ликот и делото на скопскиот војвода.



## ОСВЕТЕН ВОЗОБНОВЕНИОТ ХРАМ „СВЕТА ТРОИЦА" ВО БУЧИНЦИ

Во присуство на поголем број верници, во населеното место Бучинци на свечен начин беше осветен возобновениот храм „Света Троица".

Чинот на осветувањето на храмот го изврши митрополитот Кумановско-осоговски Григориј, а осветувањето беше проследено со богата културно-уметничка програма.

## СВЕТИОТ КРСТ ДОНЕСЕН ВО ОПШТИНАТА

Игор Јакимовски кој беше најсреќен за време на празникот Богојавление - Водици, фаќајќи го крстот што архиепископот г.г Стефан го положи во водите на реката Вардар, ја посети Општината. Тој го донесе Богојавленскиот крст во просториите на Општината посакувајќи на сите граѓани тој да им донесе многу здравје, радост и среќа.

Градоначалникот Александар Георгиевски на Јакимовски му подари икона од Св. Јован Крстител.









## ОДБЕЛЕЖАНА 21-ТА ГОДИШНИНА ОД СМРТТА НА ДРАГО МАНЕВСКИ

Со положување на свежо цвеќе пред спомен плочата на припадникот на македонските безбедносни сили Драго Маневски, беше одбележана 21-та годишнина од смртта на нашиот сограѓанин кој го положи животот во борба за татковината.

Драго Маневски е роден 1966 година во Марино, загинува на 11 ноември во Требош, во кризната 2001 година како член на безбедносните сили на Република Македонија.

## ВОЗОБНОВЕНА СПОМЕН ПЛОЧАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ ОД НОБ

На влезот во Домот на култура „Илинден“ поставена е спомен плоча на паднатите борци во Народноослободителната војна и револуција што ги даде населеното место Илинден од 1941-1945 година.

Станува збор за возобновување на спомен плочата која пред повеќе од десет години се наоѓаше во стариот Дом на култура „Илинден“.

**Поддршка на меморијалните турнири во мал фудбал во Мралино и Бунарџик, традиционалните турнири во мал фудбал во Дељадровци и Мршевци и турнирот во баскет во Плац**

## ФУДБАЛСКИ ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

Пред спомен плочата во Бунарџик, со положување свежо цвеќе беше одбележана 21-та годишнина од трагичната смрт на Роберт Петковски, кој како припадник на Министерството за одбрана, трагично загина во Вејце, на 28 април 2001 година.

Во чест на трагично загинатиот припадник на безбедносните сили кој беше член на фудбалскиот клуб „Бунарџик“, на фудбалското игралиште во Бунарџик, се одржа традиционалниот меморијален турнир на кој учествуваа 13 екипи од сите населени места на општина Илинден, како и екипа на припадниците на специјалната единица „Волци“.



## СПОРТ

# „ДЕНОВИ НА СПОРТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

**На спортските терени се одржа спортската манифестација „Денови на спорт на младите во општина Илинден“, на која се натпреваруваа учениците од основните општински училишта, како и учениците од средното општинско стручно училиште „Илинден“.**

**Во рамките на Деновите на спортот се одиграа финални општински натпревари на основните училишта во футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, турнир во баскет за ученици од СОСУ „Илинден“, елементарни штафетни игри за ученици од одделенска настава.**






## ШАМПИОНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕТСКАТА ЛИГА ВО ФУДБАЛ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Градоначалникот Александар Георгиевски приреди прием на членовите на ФК Гроздановски, кои го освоија шампионското место во Македонија со генерациите 2009 и 2013, на финалните натпревари од ФФМ Детска лига за сезона 2022 година. Градоначалникот им ги честиташе големите успеси на младите фудбалери од Илинден и им посака многу шампионски титули да освојуваат и во иднина, за што ќе ја имаат поддршкатаод локалната самоуправа.



## ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО РАКОМЕТ И ЖЕНСКИ ФУДБАЛ

Заедно со Федерацијата на училиштен спорт на Македонија на спортските терени во Илинден и Марино беше организирано Државно првенство во фудбал во женска категорија и Државно првенство во ракомет во машка категорија, во рамки на основните училишта од државата.

На овие две големи првенства по претходно одиграни натпревари во нивните дисциплини учество обезбедија основните училишта „Браќа Миладиновци“ во женски фудбал и „Ристо Крле“ во ракомет во машка категорија.









## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГИ ПРИМИ ТАЕКВОНДИСТИТЕ КОИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО НИШ ДОНЕСОА 14 МЕДАЛИ

Градоначалникот Александар Георгиевски ги прими членовите на таеквондо клубот „Хулк Таеквондо Академија“, кои учествуваа на меѓународниот натпревар „Куп на Ниш“, во Србија, при што се закитија со 14 медали, од кои 6 златни, 7 сребрени и еден бронзен медал.

„Хулк Таеквондо Академија“ е основана во 2012 година и брои над 70 активни членови. За напорната работа говорат многубројните успеси коишто досега се постигнати на повеќе од 60 државни и меѓународни.

Она што е посебно интересно е податокот дека најмладиот член на клубот има само 4 години.

## ДОМАЌИН НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО ЏИУ ЏИЦУ „СКОПЈЕ ОПЕН 2022“

Спортската сала „Гоце Делчев“ беше домаќин на меѓународниот турнир во џиу џицу „Скопје Опен 2022“ на кој настапија над 250 борци од Македонија, Германија, Словенија, Бугарија, Црна Гора, Турција, Србија и Република Српска (БиХ).

Спортската сала „Гоце Делчев“ беше исполнета речиси во целост, технички организатор на турнирот беше Дан кју и џиу џицу федерацијата на Македонија.

Со организацијата на вакви настани уште еднаш се покажа посветеноста на локалната самоуправа на спортот и вложувањата во спортската инфраструктура.





# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2022 ГОДИНА

Издавач: **Општина Илинден** | Уредник: **Ристо Томовски** | Технички уредник: **Антон Власов**
Адреса: ул. „9“ 6б, населба Илинден | тел. (02) 2571-703; 2571-704 | e-mail: ilinden@ilinden.gov.mk | Печати: Графопром-Битола

ilinden.gov.mk